Скопје, 3 јули 2020 година

# СООПШТЕНИЕ

## *Реформи во примарна здравствена заштита*

Фондот за здравствено осигурување континуирано работи на реформи во примарната здравствена заштита со цел подобрување на квалитетот на примарната здравствена грижа, како и обезбедување на сеопфатна примарна здравствена заштита од страна на здравствените работници на примарно ниво. Резултатите од овие реформи водат кон: подобрување на превентивата на примарно ниво на здравствена заштита; дефинирање и примена на стандарди за обезбедување услуги согласно медицина базирана на докази – изготвување на упатства и протоколи; поттикнување на вложувањето во технички, материјални и човечки ресурси; поттикнување на справување со одредени состојби на примарно ниво и намалување на степенот на упатување кон повисоко ниво на здравствена заштита; поголем број на лекари од општа пракса кои ќе имаат специјализација по семејна медицина; поттикнување на реализација на одредени здравствени услуги од страна на медицинските сестри и олеснување на административната работа.

Носители на процесот на спроведување на реформите во примарната здравствена заштита се Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и стручната фела.

Процесот е поддржан од Светската здравствена организација, како и според препораки од претходни истражувања и процеси спроведени од страна на глобални агенции и домашни организации (Светската банка, УНФПА, ХЕРА итн.).

Подготовката и процесот за реформите во ПЗЗ се започнати од крајот на 2018 година. Стручни дискусии на предлог - моделот се започнати во октомври 2019 година со министерот за здравство и директорите на Фондот. Во месец ноември 2019 година предлог - моделот е дискутиран со претставници на  Лекарска комора, ЗПРЛМ, Здружение на лекари  по семејна медицина, Здружение на лекари Албанци, Катедрата по семејна медицина, Здружение на приватни гинеколози – акушери итн. Дополнително следеа консултации со претставници на СЗО и Светска банка, а текот на реформите во ПЗЗ е презентиран пред поширокиот аудиториум на Здравствениот форум 2020.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor iRepublikëssë Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје
Adresa:Rr. Maqedonia, nr.5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

Со тоа потенцираме дека реформата не започнува од први јули 2020 година, туку на истата се работи од крајот на 2018 година, а дискутиран е повеќе пати пред избраните претставници на сите здруженија на лекарите од примарна здравствена заштита.

Во креирање на моделот на реформите се вклучени 89 претставници од 20 институции и организации од кои 35 се избрани лекари. За таа цел формирани се повеќе работни групи кои се координирани од надзорна група и работат од крајот на ноември 2019 година. Членовите на работните групи се назначени од министерот за здравство, на предлог на Лекарската комора на Република Северна Македонија, ЗПРЛМ, Здружение на лекари по семејна медицина, Здружение на лекари Албанци, Здружение на приватни гинеколози – акушери, Катедрата по семејна медицина, универзитетските клиники, Комора на здравствени работници, Министерство за здравство, Мој термин, Фондот и националниот координатор на СЗО.

Основата на новиот модел е дополнување на променливиот дел од капитацијата, преку препознавање, евидентирање и вреднување на работата на избраниот лекар. Овие здравствени услуги избраниот лекар ги дава и сега, но истите не се препознаени и евидентирани во електронскиот систем со соодветни шифри. Тоа значи дека во моментот новината е само во начинот на евидентирање на здравствените услуги кои лекарите ги вршат.

Со новиот модел предвидена е следнава структура на здравствени услуги:
- основни здравствени услуги,
- превентивни цели,
- следење на хронични болни и
- здравствени интервенции.

За сите овие здравствени услуги ќе се изработат посебни шифрарници, протоколи и упатства.

Веќе е изготвена прва верзија на Шифрарникот на основни здравствени услуги, кој е имплементиран во „Мој термин“, со тоа што од 01.07.2020 година во електронскиот дневник избраниот лекар ќе ја бележи секоја услуга според шифрата, како и сите податоци согласно Законот за евиденциите од областа на здравството. Секоја здравствена услуга е поврзана со одредена шифра од Шифрарникот и соодветен тежински коефициент. Во пробниот период од 3 до 6 месеци, дадени се предлог коефициенти кои по потреба ќе бидат ревидирани. На тој начин избраните лекари имаат можност да дадат свои предлози

за промена или воведување на нови здравствени услуги, односно шифри, како и за евентуална промена на тежинските коефициенти.

Во исто време работните групи интензивно работат на изготвување на протоколи за најчестите заболувања, како што се:

- од дејноста општа медицина – за возрасни лица се предвидени областите - хипертензија, хипотиреоза, дијабет, астма и ХОББ; кај деца предвидени се областите превенција на дебелина кај деца, деформитети на ‘рбетен столб;
- од дејноста гинекологија - антенатална грижа, цервикален канцер, семејно планирање.

Претставувањето на предлог - моделот пред избраните лекари, беше планирано да се организира во неколку панел дискусии во март 2020 година. Поради состојбата со пандемијата на Коронавирусот, нивното одржување беше пролонгирано. Поради тоа Лекарската комора, претставувањето на предлог - моделот пред лекарите од дејноста општа медицина го организира преку платформата Zoom од 29 јуни до 03 јули.

Со овие трибини се отвора процес на целосно вклучување на избраните лекари во подобрување на квалитетот на примарната здравствена заштита. Ги охрабруваме сите избрани лекари со свои стручни мислења, предлози и сугестии активно да се вклучат во процесот.


Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје
Adresa:Rr. Maqedonia, nr.5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk